ООУ,,Манчу Матак” - Кривогаштани

Процедура за училишна клима и односи во училиштето

Содржина:

1. Углед/имиџ на училиштето
2. Кодекс на однесување и Куќен ред
3. Поведение и дисциплина во училиштето
4. Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми
5. Познавање и почитување на правата на децата
6. Еднаков и правичен третман на сите ученици

1. Углед/имиџ на училиштето

- Учениците го афирмираат училиштето преку учеството на многу регионални и државни натпревари по многу предмети и постигнување на значителни резултати на истите. Училиштето има обврска да ги поттикнува и дава поддршка за истото;
- Вработените се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него преку претставување и учество во разни вебинари, обуки, настани, проекти, конференции и слично. Училиштето има обврска да ги поттикнува и дава поддршка за истото;
- Директорот, стручните соработници и наставникот – ментор, се постојано достапни за помош и соработка со сите наставници според потребите кои излегуваат во текот на работата.
- Професионалната соработка меѓу вработените е преку размена на работни материјали, мислења и договори за единственост при водење педагошка евиденција и документација во рамките на стручните активи, како и преку социјалните мрежи, групи на наставници и електронска пошта. Секој наставник, стручен соработник и директор учествува во овој процес. Училиштето има обврска да ги поттикнува и дава поддршка за истото;
- Редовноста на учениците се следи и соодветно евидентира. При отсуства се почитуваат законските прописи и се одржува редовна комуникација со родителите/старателите. При подолго отсуство на ученик поради здравсвени проблеми се дава посебна поддршка согласно законските одредби;
- На секој две години се спроведуваат анонимни прашалници со учениците и родителите за да се согледа колку учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето; каква е дисциплината за време на часот но и за време на одморите; почитување помеѓу соучениците и кон наставниците; појавата на насилство и начинот на пријавување;
- За време на одморите и по часовите дежурните наставници се грижат за безбедноста на сите ученици, за редот и да менаџираат со раздвиженоста на учениците така што сите ученици можат подеднакво да го користат слободното време.
- Во случај на прекршување на правилата или било каква злоупотреба во рамките на училиштето се почитува правилникот за изрекување педагошки мерки. Истиот по потреба може да се менува или дополнува.
- Соработката со локалната заедница и локалната самоуправа се одразува во делот на воннаставните активности кои вклучуваат базари, изложби, приредби, маскенбали, рециклирање на отпад особено пластика во рамките на активностите на секциите, клубовите, општествено хуманитарната работа и

другите активности од јавна и културна дејност. Овие активности се планираат на почетокот од учебната година.
- Локалната заедница може да поддржува проекти и иницијативи но и учествува во подобрување на условите за работа во училиштето.
- Соработката со општината е во континуитет и согласно проектите кои таа или училиштето ги организира - од еколошки карактер, учество на учениците во манифестации и слично. На веб страницата од општината и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати, проектите и слично. Општината со пригодна награда го наградува првенецот на генерација, како и други ученици согласно нејзината програма.
- Учениците од одделенска и предметна настава согласно програмите за работа во текот на учебната година редовно ги посетуваат дел од компаниите кои егзистираат на територијата на општината но и надвор од неа.
- Редовна соработка се воспоставува со голем број училишта, институции како и невладини организации и здруженија на ниво на регионот или државата со цел реализација на активности од заеднички интерес.
- Веб страната на училиштето постојано се ажурира со нови содржини, известувања, активности, настани, распореди, постигнувања, приредби и многу значајни училишни моменти. За страната на училиштето се грижи одговорен наставник кој редовно и навремено ги објавува сите потребни податоци.
- На социјалните мрежи се објавуваат постигнувањата од учениците, промоција на училиштето со различни активности од наставата и воннаставни активности каде што учествуваат нашите ученицци.
- На социјалните мрежи се објавува од страна на училишниот администратор со претходна дозвола од директор. Објавите треба да бидат кратки, јасни и концизни.
- За споделување на фотогррафии на социјалните мрежи училиштето има претходно добиено согласност за сликање и објавување од родителите, оваа согласност родителите ја потпишуваат во прво и во шесто одделение. Доколку родителот одлучи дека не сака да бидат споделувани фотографии од неговото дете тогаш тоа се почитува од страна на врработените во училиштето.
- Училишните ходници имаат своја иконографија така што наставниците по одделни предмети имаат ученички катчиња кои постојано ги збогатуваат со актуелни изработки поврзани со постигнувањата на учениците или некои значајни настани и ученички изработки од разни области и теми.

2. Кодекс на однесување и Куќен ред

- Училиштето има Кодекс на однесување и Кодекс на оценување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Истите се впечатливо напишани и стојат на видно место во холот на училиштето и во самите училници. Донесени се во регуларна процедура со вклученост на сите субјекти во училиштето.
- Постои и Кодекс против сите видови насилство донесен од училишниот парламент а потврден од сите училишни органи.
- Правилата на однесување за сите структури во училиштето со куќниот ред се ревидира, разгледува на почетокот од секоја учебна година и се усвојува за истата како дел од Годишната програма за работа на училиштето.
- Куќниот ред на училиштето е надополнет со делови од упатството за Постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и стандардите за професионално однесување на учениците во основните и средните училишта.
- Училиштето има процедура во вид на протокол за превенција на насилство. Во случај на било каква ментална или физичка злоупотреба се интервенира веднаш од страна на дежурни наставници, одделенски раководители, ученици или стручни соработници, а потоа, по потреба се вклучуваат и родителите за надминување на ваквите состојби. Во училиштето се определени лица за контакт за пријавување на насилство (психологот на училиштето) и заменик наставник. Секое насилство се евидентира во посебен формулар. Постои и кутија за поплаки, жалби и приговори во која учениците можат анонимно да се искажат. Кутијата е поставена на видливо место, во влезот на училиштето, а за читањето е задолжен психологот.

3. Поведение и дисциплина во училиштето

- Училиштето има пишани процедури (интерен акт за изрекување на педагошки мерки) за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика. Истите се поставени во секоја училница на видно место и со нив се запознаваат учениците на почетокот од годината и по потреба. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки. Истиот се ревидира по потреба.
- Во училиштето постојат проширени дежурства од страна на наставниците, по четворица наставници во прва смена и еден наставник во втора смена.
- Исто така училиштето има 24 часовен видео надзор во училишната зграда и во училишниот двор кој опфаќа шест функционални камери на централното училиште. За безбедноста на учениците се грижат и дежурни наставници пред почетокот на часовите, за време на одморите, па се до испраќање на учениците. Распоредот на дежурства на наставниците е истакнат на видни места во наставничка канцеларија и на огласни табли во училишниот хол.
- Учениците од прво до трето одделение во проширената програма имаат час за прифаќање и час за испраќање на учениците.
- Наставниците детектираат и пријавуваат кај одделенскиот раководител и/или кај стручните соработници промена во однесувањето на учениците.
- Интерниот акт за изрекување педагошки мерки целосно се почитува и спроведува при нарушување на дисциплината. Секое нарушување на дисциплината се регистрира и пријавува кај одделенскиот раководител, а потоа (доколку е потребно) и кај стручните соработници. Кај учениците се поттикнува одговорност за постапките. Во правилниците се опфатени основните начела за почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко малтретирање и сл.
- Училиштето изработува проценка за безбедност на работните места, а наставниците за истото имаат и обука. Постои план за евакуација и редовно се одржуваат вежби за евакуација. Во нашето училиште се одржуваат најмалку 2 показни вежби за евакулација во полугодие.
- Учениците, вработените, како и училишните објекти редовно се осигуруваат преку осигурителна компанија при што се почитуваат постапките за набавка.
- Редовно се проверуваат и сервисираат ПП апаратите, а постојат и сандачиња за давање на прва помош на учениците и вработените во училиштето.

4. Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми

- Учениците, членови на ученичкиот парламент, се поканууваат на наставнички совет и таму презентираат свои ставови, барања, заклучоци од спроведени прашалници, истражувања и слично. Избрани ученици од ученичкиот парламент се поканууваат и присуствуваат и на состаноците на Советот на родители и на Училишен одбор.
- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирани ученички заедници и ученички парламент, кои се поттикнуваат да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Ученичкиот парламент (доколку е во можност) го одразува родовиот состав на училиштето. Во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето, а координатори се стручните соработници.
- Претставникот во Ученичкиот парламент навремено и целосно ги информира учениците во паралелката за работи кои се од нивен интерес и за што се дискутирало и работело на состаноците;
- Учениците преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето,
- Учениците, избрани двајца членови на ученичкиот парламент, редовно се поканууваат и присуствуваат на состаноци на наставнички совет, совет на родители и училишниот одбор, а потоа за истото ги известуваат своите соученици.

5. Познавање и почитување на правата на децата

- Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата бидејќи голем дел од нив тоа и го работат со нив во рамките на наставните и воннаставните активности.
- На часовите на одделенска заедница, на часовите по граѓанско образование и други часови и активности се дискутира за правата и обврските кои произлегуваат од нив.

- Секоја учебна година училиштето изработува годишен план за спречување на корупција а учениците на часовите по ОЖВ, часот по граѓанско образование и на други часови и активности изведуваат активности поврзани со антикорупција.
- Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст преку дел од наставните содржини и предмети и на Часот на одделенската заедница и други часови и активности.
- Ученичкиот право бранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права.
- Процедурата за избор и реализирање на активности на ученикот правобранител и неговите заменици целосно се запазува и од нивна страна се реализираат бројни превентивни и интервентни активности координирани од страна на стручните соработници.

6. Еднаков и правичен третман на сите ученици

- Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Редовно се помага на учениците од социјално загрозените семејства. Во соработка со туристичките агенции, за овие ученици се обезбедува попуст за повеќедневни екскурзии, ова се практикува и при сликање и други издатоци.
- Учениците несебично учествуваат со свој придонес во хуманитарни акции за помош на болни деца или деца од загрозени семејства.
- Училиштето се грижи за ученици со емоционални потешкотии, без оглед на изворот (семејни проблеми, насилство, негрижа и слично). Стручните соработници и наставниците преземаат соодветни активности, разговори и упатување на тие ученици и нивните родители до релевантни институции.
- Училиштето води грижа за учениците со здравствени проблеми – хронично болни и ученици кои подолго отсуствуваат од настава поради повреда или операција, за што постои програма со процедури за постапување при вакви случаи.

Тим за изработка на Процедура за училишна клима и односи во училиштето:

1. Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор и координатор
2. Антица Вренцоска – наставник
3. Филип Димески – наставник
4. Трајанка Стојкоска – библиотекар
5. Горан Клекачкоски – наставник

В.д. директор:

_____

Лилјана Стојкоска

Кривогаштани, април, 2026 година.